ДРЖАВЕН АРХИВ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 1813/1
30.05. **2022 год.**
С К О П Ј Е

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници(Сл. Весник бр 27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18, 275/19 и 14/20 год.), директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија донесува:

О Д Л У К А
за избор на кандидат по интерен оглас бр. 01/2022 год од 04.04.2022 год за унапредување на административе службеник

1 За извршител на работно место Раководител на одделение за публикување на архивски материјал во секторот за истражување, меѓународна и домашна соработка и публикување во Државниот архив, и шифра на работно место УПР 0101Б04000, се избира кандидатот **Јасминка Дамјановска.**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на ова одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.04.2022 година, на интернет страницата на Државниот архив и на страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македониоја беше објавен интерен оглас под бр. 01/2022 год. за унапредување на административни службеници во Државниот архив на Република Северна Македонија.

Со решение бр. 41-1485/1 од 13.04.2022 год.,беше формирана комисија за административна селекција, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување на административните службеници.

Комисијата на ден 15.04.2022 год во 10 часот спроведе административна селекција на кандидатите а на ден 18.04.2022 година во 12 и 30 часот беше спроведено и интервју по интерниот оглас бр 01/2022 година.

Врз основа на составените записници Записник за административна селекција за интерен оглас бр.04-1522/1 од 18.04.2022 год., Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административн службеник заради спроведено интервју под бр 04-1522/3 од 20.04.2022 година, за работно место Раководител на одделение за публикување на архивски материјал во секторот за истражување, меѓународна и домашна соработка и публикување во Државниот архив, директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на ова одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение административниот службеник во рок од 8 дена има право да поднесе жалба пред Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР,
Д-р Емил Крстески

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива
-Сектор за финансии